Уп. бр.08-96

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д. Љубљана, со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и Соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 15.07.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д. Љубљана, со седиште на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, стекнува единствена контрола над АДДИКО БАНК АГ со седиште на Канетти Тауер, Канеттиштрассе 5/06 12 1100, Виена Австрија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 20.06.2024 година, а дополнето на 25.06.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д. Љубљана, со седиште на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија со која НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д., Љубљана, Словенија, стекнува единствена контрола над АДДИКО БАНК АГ со седиште на Канетти Тауер, Канеттиштрассе 5/06 12 1100, Виена Австрија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

На 07.06.2024 година НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д. Љубљана објавила доброволна јавна понуда за преземање, до акционерите на АДДИКО БАНК АГ, со цел стекнување на контрола, односно стекнување на сите издадени и објавени обични акции кои гласат на доносител, без номинална вредност, на АДДИКО БАНК АГ (ISIN AT000ADDIKO0).

НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д. Љубљана е акционерско друштво и една од финансиските институции во Република Словенија, кое пружа широк спектар на банкарски услуги, вклучувајќи и други финансиски услуги во рамките на групата кои опфаќаат банкарски услуги за население, банкарски услуги за деловниоит сектор и други услуги. Дополнително, НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д. Љубљана дава услуги на управување со фондови, недвижности, инвестициско банкарство, како и други услуги.

НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д. Љубљана е дел од НЛБ Групата.

НЛБ Групата во Северна Македонија моментално има 3 поврзани друштва:

- НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје, со ЕМБС 4664531, со приоритетна дејност-друго монетарно посредување,
- Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје со ЕМБС 7628838, со приоритетна дејност финансиски лизинг, и
- Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14А-1/2 Скопје со ЕМБС 6364578, со приоритетна дејност: дејности на управување со фондови.

АДДИКО Групата АГ е специјализирана банкарска групација која се фокусира на обезбедување банкарски производи и услуги за потрошувачите и малите и средни претпријатија (МСП) во Централна и Југоисточна Европа (ЦИЕ). Групацијата се состои од АДДИКО БАНК АГ, целосно лиценцирана австриска матична банка регистрирана во Виена, Австрија, котирана на Виенската берза и надгледувана од австрискиот финансиски пазар и од Европската централна банка, како и шест банки-ќерки, регистрирани, лиценцирана кои работат во пет земји од ЦИЕ: Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина (каде што работи преку две банки), Србија и Црна Гора.

АДДИКО БАНК АГ нема поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија, ниту пак остварило било каков приход во 2023 на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**